Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 03-343/2
14.10 2016 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 69 од Закон за животна средина средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина (“Службен весник на РМ” бр. 147/08 и 45/11), Претседателот на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад во Вардарскиот плански регион организира:

**ЈАВЕН УВИД**
**по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина по Нацрт – Регионалниот план за управување со отпад за Вардарскиот регион**

Се информира јавноста и сите заинтересирани правни и физички лица од Вардарскиот регион, (општините Чашка, Велес, Лозово, Градско, Росоман, Неготино, Кавадрци и Демир Капија) дека во рамките на проектот **"Подготовка на документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен, Вардарски и Скопски плански регион"** (EuropeAid / 136347 / IH / SER / MK)”, финансиран од Европска Унија преку инструментот за предпристапна помош (ИПА) подготвен е Нацрт Регионален план за управување со отпад за Вардарскиот плански регион за кој се спроведува постапка за Стратегиска оцена на животната средина, согласно одлука од Меѓуопштински одбор за управување со отпад бр. 02-283/5 од 27.07.2016.

За таа цел на јавен увид објавуваме:

- *Нацрт – Извештај за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина од реализација на Регионалниот план за управување со отпад за Вардарскиот плански регион во електронска и печатена верзија на македонски јазик.*

Правните и физичи лица и јавноста може да го достават своето мислење во врска со Извештајот, **во рок од 30 дена** од денот на објавувањето на Соопштението за јавен увид.

Печатените верзии од горенаведените документи може да се разгледаат во Центарот за развој на Вардарскиот плански регион (Меѓуопштински одбор за управување со отпад во Вардарскиот плански регион), со седиште во Општина Велес и во општинските канцеларии за ЛЕР во секоја општина поединечно. Електронската верзија на Извештаите може да се разгледа на веб страната на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион и веб страните на сите општини во Вардарскиот регион.

**Јавниот увид ќе трае секој работен ден од 08:00 до 16:00 година, почнувајќи од 17.10 до 15.11 2016 година.**

**Лице за контакт: Татјана Темелковска,** Центарот за развој на Вардарскиот плански регион
Е-маил: tatjana.temelkovska@vardarregion.gov.mk
телефон за контакт: 076/340-171